Образец бр.1

План за спроведување
на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлогот законот: | Предлог на Закон за поштенските услуги |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Елена Кузмановска, државен секретар во Министерството за транспорт и врски |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Декември 2010 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | има |

Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Новиот закон за поштенските услуги кој се предлага е резултат на потребата од транспонирање на новата Директива 2008/6/ЕС на Европскиот парламанет и Советот со која се вршат измени и дополнувања на Директивата од 15 декември 1997 година која се однесува на заедничките правила за развој на внатрешниот пазар на поштенските услуги на Заедницата и подобрување на квалитетот на поштенските услуги, како и заради допрецизирање на правната положба и надлежностите на Агенцијата за пошти, финансирање на Агенцијата, предвидување на одредби за начинот на назначување на давател на универзална услуга, усогласување на казнените одредби и предвидување на одредени одредби заради подобра имплементацијата на законот.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со новиот закон за поштенски услуги ќе се овозможат услови за развој на конкуренција на пазарот на поштенските услуги и ќе се продолжи со постепена и контролирана либерализација на поштенскиот пазар со обезбедување на услови за вршење на универзалната услуга, во чии рамки е предвидена и резервираната услуга, ќе се овозможи влез на нови даватели на поштенски услуги, ќе се предвидат одредби за заштита на корисниците на поштенските услуги и ќе се обезбеди поголема транспарентност во работата на Агенцијата за пошти.

Како основа за донесување на нов закон за поштенските услуги е и потребата од транспонирање на новата Директива што е посебно укажано на последниот Поткомитет за внатрешен пазар одржан во Брисел март 2009 година.

Новиот закон за поштенските услуги ги подобрува условите за обезбедување на поштенските услуги на територијата на Република Македонија и воедно го олеснува влезот на новите даватели на поштенски услуги, со утврдување на одредени права и обврски за давателите. Неусвојувањето на новиот Закон за поштенски услуги, и не предвидување на одредби со кои ќе се подобри развојот на поштенските услуги ќе доведе до одреден степен на нарушување на состојбата на пазарот од причини на непостоење на соодветна регулатива.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Министерство за транспорт и врски, Секретаријат за европски прашања, Министерство за правда, Агенција за пошти и Секретаријат за законодавство.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Постојниот Закон за поштенските услуги е донесен во 2008 година е усогласен со Директивата 97/67/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 15 декември 1997 година и со Директивата 2002/39/ЕЗ со која се изменува Директивата 97/67/ЕУ.

Имајќи ја во предвид новата Директива 2008/06/ЕС, како и податоците добиени од следењето на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија од страна на Министерството за транспорт врски и Агенцијата за пошти, произлезе потреба од внесување на следниве одредби со кои се врши:

- додефинирање на правната положба и надлежностите на Агенцијата, утврдување на соодветен начин на финансирање на Агенцијата за пошти,
- допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на утврдување на опсегот на универзалната услуга, како и на резервираната услуга,

- допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на издавањето дозволи за обезбедување на поштенските услуги, како и начинот на назначување на давател на универзалната услуга на територијата на Република Македонија,
- дефинирање на функционирањето на компензацискиот фонд како инструмент за надоместување на трошоците за обезбедување на универзалната услуга, и утврдување на потребата од водење на посебно сметководство заради,
- задолжување на даватели на поштенските услуги за доставување информации за своето работење за потребите на Агенцијата за пошти,
- допрецизирање на членови во законот со кои се утврдува заштитата на корисниците на поштенските услуги, одговорност за настаната штета на поштенските пратки и надоместок за истата,
- воведување на дополнителна транспарентност во однос на цените и квалитетот на обезбедување на универзалната услуга,
- измена во вршењето на инспекциски надзор и изрекување на мерки од страна на инспекторите за поштенски сообраќај.

2. Кои дополнителни информации треба да се соберат?

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не

| Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси |
| --- |

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

Активностите се започнати во 2009 година

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Се планира користење на TAEIX експерт при подготовка на предлог законот во месец април 2010 година.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

Предлог на закон за поштенските услуги ќе биде поднесен до Генерален секретаријат во август 2010 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?

Во проценката на влијанието на регулативата вклучени се само човечки ресурси, вработени во органите на државната власт и институциите од оваа област.